Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх. знак
Рок на чување
20 год.
Потпис.

Арх.бр. УП1-15 616/2024

Дата....02.-04-.2024

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Сарај се издаваат **Услови за планирање на просторот со намена специјални штали за носилки со придружни содржини во КО Шишево и КО Шишево вон град, Општина Сарај.** Површината за која се издаваат Условите за планскиот опфат изнесува 2,7 ha.

Планскиот опфат граничи со опфат на издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр. Y27212 – ЛУПД за стопански комплекс со намена лесна и незагадувачка индустрија ( Г2 ) на КП 2779, КП 2780, КП 2781 и дел од КП 2787 и КП 2800, КО Шишево во Општина Сарај.

Во непосрредна близона се наоѓа опфат на издадени Услови за планирање на просторот со тех. бр. Y20923 – со намена рехабилитација на хидромелиоративниот систем Шишево – Грчец, КО Шишево вон град, КО Матка-вон град, КО Шишево, Општина Сарај.

**Планскиот опфат влегува во граници на планскиот опфат на просторен план на регионот на сливот на река Треска, заради што е неопходно да се почитуваат планските определби од овој регионален просторен план.** Просторниот план на регионот на сливот на реката Треска претставува разборка на Просторниот план на Република Македонија донесен од Собранието на Р.Македонија на седницата одржана на 21.02.2007 година

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

**Условите за планирање на просторот треба да представуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот **со тех. бр. Y57423** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот се наменети за специјални штали за носилки со придружни содржини, КО Шишево и КО Шишево вон град, Општина Сарај, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Согласно основните цели и одредби од Просторен план : "Меѓу приоритетните определби на Просторниот План е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Исто значење му се придава на пошумувањето, обновување и подобрувањето на квалитетот на шумите."

5. **Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23).**

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена специјални штали за носилки со придружни содржини во КО Шишево и КО Шишево вон град, Општина Сарај, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Сарај, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 56519 од 30.10.2023 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена специјални штали за носилки со придружни содржини на дел од КП 2787/1, дел од КП 2787/3 во КО Шишево и дел од КП 2800/1, дел од КП 2798 и дел од 2807 во КО Шишево вон град, Општина Сарај. Површината за која се издаваат Условите за планскиот опфат изнесува 2,7 ha.

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена специјални штали за носилки со придружни содржини во КО Шишево и КО Шишево вон град, Општина Сарај и ги достави до


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 616/2024 од 20.03.2024 година.

Условите за планирање на просторот **со намена специјални штали за носилки со придружни содржини на дел од КП 2787/1, дел од КП 2787/3 во КО Шишево и дел од КП 2800/1, дел од КП 2798 и дел од 2807 во КО Шишево вон град, Општина Сарај,** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk